# БИОГРАФИЈА

Ивица Ѓорѓевски е висококвалификуван професионалец од областа на информациска и сајбер безбедност, со повеќе од две децении искуство во управување со ИТ ризици, безбедност на комуникациски и информациски системи и заштита на класифицирани информации. Во моментов ја извршува функцијата Одговорно лице за сигурност на информативниот систем на банката (Information Security Officer) во Стопанска банка АД – Скопје, каде што е одговорен за воспоставување, одржување и унапредување на системите и политиките за информатичка безбедност во банкарскиот сектор.

Во текот на својата професионална кариера има извршувано значајни раководни и експертски функции во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, вклучувајќи позиции како раководител за безбедносна акредитација на комуникациски и информациски системи. Дополнително, има меѓународно искуство како претставник на државата во Постојаните мисии на Република Северна Македонија при Европската Унија и НАТО во Брисел.

Покрај институционалниот ангажман, активно е вклучен и во областа на професионалната едукација како инструктор за сајбер безбедност во доменот сајбер безбедност. Неговото образование вклучува завршено високо образование на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, како офицер за врски. Дополнително, има завршено специјализирани програми за сајбер безбедност на реномирани меѓународни институции.

Носител е на повеќе меѓународно признати професионални сертификати, меѓу кои CISM, CISSP, CEH, CND и ECIH, и има учествувано во бројни национални и меѓународни проекти, работни групи, конференции и обуки од областа на информативната и сајбер безбедност.